АНТЕ
ПОПОВСКИ



# ОДБЛЕСОЦИ

Анте Поповски / ОДБЛЕСОЦИ

БИБЛИОТЕКА „МЛАДИ ПИСАТЕЛИ“

Уредник

Ацо Шопов

АНТЕ ПОПОВСКИ

најсрдечно

Скопје 16. II. 956

# ОДБЛЕСОЦИ

КНИГОИЗДАТЕЛСТВО „КОЧО РАЦИН"
СКОПЈЕ — 1955 ГОД.

# МИНУТА

## I

Срцево кој да го сфати?
Вечно е во атака.
— од дваесет и четири саати
само минута сака!

Во таа минута само
престанува тоа да боли.
Но, каде е? Каде е? Камо
да заигра трепетно молив?

Каде е? Каде ли лежи
чудната минута моја
со крв надежите за да
во силна радост ги спојам?

## II

Спокојот в сон сум го сонил.
Не го сакам. Може е лу̀дост?
Да! Сега немир ме гони
— на мојата минута судот.

## III

Срцево кој да го сфати?
Вечно е во атака.
— Од дваесет и четири саати
само минута сака.

И надеж. И спокој и бура
и рана што најлуто боли
јас чувствувам кога го спојам
срцето мое со молив.

# РАЗГОВОР

Пак полноќта така мине...
Ранозорец петел пее.
Над перово сонно око
треперливо мине.
Јас разговор уште водам
со срцето мое
Штом синџир го стегне утре
дали ќе го скине?

# ПРЕДПРАЗНИЧНА

## I

Ветер волно лисје-срма, рони...
Голи гранки шептат скришно в двор.
Сам се шетам ноќва. И ме гони
мисла да ти пратам некој збор.

Знам, ме чекаш. Сакаш да ме видиш
покрај софра да седнам со тебе.
Знам, безмерно ти среќен ќе бидеш
син ти ако прв накрши лебец.

Не чекајме! Празничната зора
тука буден да ја сретнам сакам;
прв во градов со неколку збора
да ѝ подам благодарно рака.

По три лета-пречекајме! Тесно
од радоста ќе ти биде дома
штом донесам нежен букет песни
место една докторска диплома.

Ветер волно лисје-срма, рони...
Голи гранки шептат тажно в двор.
Сам се шетам. Веќе не ме гони
мисла, штом ти пратив некој збор.

## II

Галеб морен в мирно небе лета...
Лудо спеши по незнаен пат.
Тој е чинам единствен во светот
по суштина мој налик и брат.

# ПЕСНАТА

Сам.
Се така сам.
Се така самоста
немирно вие, звони.
Се така самоста
по крвта есенска
болно,
досадно
тапка...

Ничии очи поглед да пратат...
Нигде да скрца нечија врата...
сам,
сам—а пак со некој!
Некој е в мене!
Некој во стапка
далеку негде ме гони!

Сам.
Се така сам.
Спокојно есента тапка...
а некој немирно вие...
Сам...
Кого да прашам?
И кој би сменил
спокојна капка

за полна немирна чаша?
Сам. . .
Сам. . .

Но, ако утре се сретнам со неа
Јас се ќе слејам
— без ритам, грубо,
— од сите чаши по една капка,
— од сите луѓе по една стапка
и искра од нашата љубов
утре
во неа
ќе слејам!

## ПОНЕКОГАШ

Понекогаш
ништо и никого немам..
Ги кревам рацете
и мавтам низ прозорец
на секоја гранка,
на секоја дланка,
на секој покрив
и облаците.

Понекогаш
ништо и никого немам..
Каде се луѓето?
Каде се птиците?
Понекогаш зошто
до замор ја гонам
сенката своја
по улиците?

Понекогаш—самост!
Крај мене—самост!
Во мене—самост!
Самост. . .

Па кој оди тамо?
И зошто очите на самоста
горат а те одбиваат грубо?
Зошто од себе кријат
злоба во својата љубов?
зошто?

Понекогаш
ништо и никого немам.
Ги кревам рацете
и мавтам низ прозорец
на секоја гранка,
на секоја дланка,
на секој покрив
и облаците...

## ТРОП... ТРОП...

Троп... Троп...
Некој тропа јас чинам?!
Ќе ја отворам вратата мирно.
— Никого нема да мине!
Сé така е пусто и мирно!

Троп... Троп...
Попусто, полноќ е нели?!
Кој ќе је в глувава доба?
Рано за мугри е бели!
Или пак на сон сум, кобам?

Троп... Троп...
Гостину, зошто се криеш?
Спијат. Влегувај леко!
Троп... Троп...
Да!
Тоа срцето бие!
Нови денови чека!

## ТРГНУВАЊЕ

Колку колосеци, димои
и колку возови, вагони!
Јас уште две очи да имам
не ќе ги догледам со нив!

Вагони...
Збогум!
Јас овој вагон
и ова утро го сакам...
Ти чекаш?
Сеедно!
Пак ќе се сретнеме
и пак ќе си подадеме рака.

Колку колосеци, димои
и колку возови,
вагони...

А само една точка!

Немирот-чедо ме има.
Самоста досадно звони.

Ќе тргам!

## ПАТНИК

Патот е далечен,
патот е тежок...
Сепак,
патник ќе бидам.
Сешто неминато,
сешто невидено
јас—ќе го минам и видам.

Ќе тргнам в зори...
И негде в светот
ќе најдам
неорано поле.
Сам ќе го изорам,
сам ќе го посеам,
со семе
од нашава пролет.

Од ова сонце,
од сите лачи
трепет
в себе ќе скријам.
— Тој да ми биде
в самоста чаша
— жедно
што ќе ја пијам.

В зори. .. Ќе скријам
искра од денов,
ѕвезда од моето
небе. . .
И. . . ќе се барам,
во таа нива
сам да се откријам
— себе.

## СЕ СРЕТНАВМЕ

Се сретнавме
како два патника морни
и со поглед си кажавме сè.
Еден трепет
во ноќта нè спои,
еден трепет згрна срца две.

Се сретнавме...
Насмевот и тебе
за секогаш во себе ве скрив.
А спокојот на ноќите мои
го одкрадна и понесе ти.

## СЕЌАВАЊЕ

Твојот поглед беше пламен, драга,
ноќта зимска в себе што го скри,
сетно збогум, сетна тешка тага
в срце што ми ја остави ти.

Овде јас сум усамен и тажен.
Усамена може си и ти.
Знае само срцево да каже
колку сакам до мене да си.

Морна полноќ—а тебе те нема
ни погледот да зажари твој.
и затоа сликава ја земам
кај што пишеш: — само ти си мој!

... Само ти си... Но, срце ил рака
треперела над нежниов ред?
Не, не драга. Мене не ме сакаш
ниту кого ти на овој свет.

Тебе уште никој не те видел...
Уште никој не ти знае дом.
Но, ти моја, ти моја ќе бидеш
дека прв јас те видов на сон.

Колку сакам нoќта да ја сретнам
нoќта зимска и погледот твој!
Во градиве скришум да ги метнам
и го блажам со нив болот мој.

Сон сонував. И кој да ми суди
што срцево денес туѓо е?
Што се вљубив јас во сонот чуден
а в момето лично уште не?

Тебе уште никој не те видел.
Уште никој не ти знае дом.
Но, ти моја, ти моја ќе бидеш
убавице сонувана в сон.

# СПОМЕН

Соседи некогаш бевме со неа.
Крај Вардар имавме дом.
Четири очи под една стреа
— еден ги мамеше сон.

И исти мечти криевме двата.
Еден носевме грев.
Две гладни срца солзи пред врата
лееја на место смев.

Но, легна она. И скоро, скоро
умре во туѓиот дом.
Згаснаа сите мечти и зборои
и сонот остана сон.

. . . . . . . . . . .

Колку ги љубам црните очи
и колку насмевот драг!

. . . . . . .

А нигде, нигде во овие ноќи
не најдов од нив ни траг.

## ЌЕ СИ РЕЧЕМЕ

Ќе си речеме збогум и ќе се разделиме.
Ќе ги гушнеме со поглед брановите.
На крајот се ќе си поделиме
— немирот, и болките и соновите.

Ќе си речеме збогум... И раните недолечени
ќе запечат штом си ги стиснеме дланките.
Место нас—тајните наши недоречени
ќе ги шептат во ноќите гранките.

Крај брег на средбата трагите
— ќе останат сами, нечувани.
На срцето болот и тагите
од спомени ќе се милувани.

Збогум! — и ќе се сетиме на писмата
крај брег на песок пишувани...
Ќе ги разлистаме на средбата лисјата
и споменаме ноќите милувани.
Ќе зашумат разделно гранките...
Ќе заиграт пред нас брановите.
Ќе ги стиснеме разделно дланките
и ќе се бараме само в соновите...

## ДОВИКУВАЊА

Вечерва
завива песот под стреите.

Неспокојно шепотат
гранките и угарите...

На јазот тополата
ги напојува леите

и се довикува
орачот
со другарите...

Колку неспокојно
завива
песот под стреите!

Колку тихо
шептат гранките и угарите!

На јазот
тополата
ги напојува леите

И ме довикуват
детството
и другарите!

# РИБАРСКА

I

Стежнува ноќта
и тихо пропаѓаат мрежите...

Од песната рибарска
стивнуат далгите,
поцрнува ширум езерото...

На брегот, на песокот,
ни платно, ни галеб,
сем песната црна, рибарска...

II

Стежнува мрежата
и крв од рацете
над црното езеро капе...

Стежнува ноќта
и до капка во длабините
се цеди снагата рибарска.

Од песната
стивнуат далгите,
поцрнува ширум езерото.

III

На брегот,
на песокот,
заспива ноќта
и белеат ко платно зорите.

## КОГА ЗАЈДУВА СОНЦЕТО

Кога зајдуваше сонцето
си мислев
јагненце колат на небото
па крвта му тече
за да го оздрави
моето бледило во очите!

Како бездомно
седнував крај брег
и се заборавав
броејќи ги на прстиња
рибите и облаците раскинати!

. . . . . . . . . . . .

Кога зајдува сонцето
сакам да збеснат далгите
па врз црвенилото на залезот
само да ги ѕирнам сенките
од дните и облаците одминати!

## НА ЗАЛЕЗ

Од покривите,
од сокаците,
црвенилото свое го собираш
и одминуваш.
Усамен сведок
на прозорецот ме оставаш
смртта твоја да ја преживувам,
да гинам—дури загинуваш.

Врати се!

По покривите,
по сокаците,
без тебе пустош зјае...
Зад прозорец
една надеж
и едно срце
како ранета птица трае,
те чека.

Врати се!

## МАРИЈА

Пред врата
никого нема.
Ни детските очи
ни на вистината јадот.
Пред врата
никого нема
— само мојот злочин
и корката што не им ја дадов!

Понекогаш
место нив
в зима подчукнува ветер..
Да!
Тоа Марија моли
и плаче босоногото дете...

Марија, прости,
каде сте сега?
така неспокојно
минат вечерите на летото
и сон се за мене соновите
Марија,
дека лето беше
кога заедно со детето
ја пеевте горчливата песна на животот
по скалите на домовите.

В зори не ме буди гласот
и жарот на детските очи.
Галапче нема да слета
од небе во срцево мое...
Марија,
пак да ве видам!
Љубовта нека е злочин!
Марија,
пак да ве сретнам
и тебе и детето твое!

. . . . . . . . . .

Каде сте Марија, каде?
Руба за детското тело
срцево сега ќе даде
од чувства што му ја сплело.

. . . . . . . . . .

Пред врата
никого нема.
Ни детските очи
ни на вистината јадот!
Пред врата
никого нема —
само мојот злочин
и корката
што не им ја дадов!

# ТИХО, ТИХО

Тихо, тихо. . . ! Потихо колега!
Во собава не сме сами, прости.
Покрај мене в кревет Смртта лега,
Нам ни дошол пак неканет гостин.

Тихо, тихо! Таа вечно скита.
Вечен патник е на овој свет.
Смртта подло од денот наш пита
да ѝ скине некој нежен цвет.

Тихо, тихо! Ти спокојен биди.
Сили имам и за овој бој.
Ти оздравен утре ќе го видиш,
и насмеан колегата твој.

Тихо, тихо! Утре стани рано
да переме окрвавен веш!
Тихо, тихо! Спи спокојно саноќ
Смртта утре в кревет ќе е леш!

## РАЃАЊЕ

Уште малку
и две нови раце
збунето ќе зашумат во одаата.

Грч... Крик... и црвенило
ќе сокрие нокта во себе си...

Што сте ги изгаснале ламбите?
Запалете ги!
Нека прогледаат во светло
новите невини очи!
Ќе имаат доволно мрак
сами да се затворат
и побараат во себе почин...

## СВАДБА

Тежск ритам лебди
во воздухот и по сокаците.

Бедната соседка
наместо ќилим
солзи послала в дворот
та чиниш од срцето
крвои ќе потечат
дури не се фатиш в оро
и дури лудо
со шише лута
не замавташ вишно со рацете...

Тежок ритам лебди
во воздухот и по сокаците.

## КОЛА

По мојата улица
на утро минува старец
— нем и сакат.

Ќе свирне,
ќе ја запре колата пред врата,
ќе го испразни сандакот
и пак ќе одмине
немо,
без шум,
без збор да рече...

Дали заборава?
Или пак без шум одминува
неговата животна кола
што така бавно ја влече...

# СВИДЕТЕЛИ

Прозорците моји сношти виделе сѐ:

Во мракот минала жена
и ги заборавила очите во нив.

Зад неа пијан човек
со смеа ги полнел сокаците.

И уште малечко куче
на трагите лавкало по нив

Лутејќи се на пијаниот
што го повеле на жената рацете.

Прозорците мои сношти виделе сѐ:
во мракот немало ништо
освен сенките две.

## СИМФОНИЈА

Болниот
од собата три
денеска смртно искрварил.

Врз креветот
како трета каверна
зјаела недосвирената симфонија на виолината.

Денес не прашајте
зошто е црвен залезот
и зошто
како трета каверна
зјае ноќта по улиците:

— Болниот
од собата три
во зората смртно искрварил.

## ДЕНЕСКА МОЛКУМ

Денеска молкум
некого испратија некаде...

Само есента
разлеа бол од својата гитара

и потемна улицата
од црнилото

зад двата впрегнати ата...

Денеска молкум,
како очите птичјите јата,
некого испратија некаде.

# ЗАМИНА

„Тргна. Некаде далеку замина.
Го мамеа зорите. Место себе
нив ги прати“

*Горки*

Ноќта до доцна пиштеле возовите...
На прозорците цела ноќ отворени
соседката ги пречекала зорите
наместо очите негови заморени...

Денеска цел ден пиштат возовите...
Прозорците стојат отворени...
И вечер што да е — ќе чека до зорите
в срце да ги сокрие неговите стапки изморени
— ако се врати.

А ако не дојде—молкум одмавнете...
Некаде далеку заминал.
— Ноќ била— а сонувал зори
тргнал и може би загинал...

Сношти до доцна пиштеле возовите...
Тој никогаш нема да се врати.
Место себе поздрав со зорите
— својата смрт ни ја пратил.

*
* *

Лист исушен ќе падне од дрвото
и ќе го стапнат...

На залез—плач и смеа
ќе сокријат в себе облаците.

Да се погледнеме!

Од чии очи
повеќе солзи ќе капнат?

Поголем анџар
кој чува од нас во рацете?

Да се погледнеме!

# СО СМРТТА

Болничка соба.
Од ќошот
                    — смртта
гледа насмеана
в мене.
Со неа требе
машки и
                    смело
на дуел да излезам
денес.

— Јас сум девојка,
— почнува она,
сакам свадба да правам.
Лудо те сакам.
Сегде те гонам,
љубов тебе ти давам.

— Девојко, девојко,
те разбрав,
                    доста!
Груб ќе сум со тебе,
прости.
— Отворај вратата!
Никогаш повеќе
не сакам мој да си
гостин.

Тргнувај, гостинке!
За тебе премногу
стар сум, далечен,
грд.
Возот на животот
одамна тргна.
— Смртта ја гони
со смрт.

Возот наш тргна.
Далеку грми.
Ко птица в небеса
лета..
Никогаш, никогаш
за него нема
запир на оваа
планета.

Возот наш тргна.
Со него и јас.
В раце со возниот
ред.
По нови шини
тргнавме сите
нов да откриеме
свет.

Се смее животот,
пиштат машините.
Девојката не ќе ја видам.
За смртта и сивото
некогаш шините
слободни дали ќе бидат?

## ВО ОБДУКЦИОННА САЛА

Зар ти си мртва?
Што ти станало?
. . . . . . . .
Избриши си ја крвта. . .
Покри си ја раната. . .

Ти сама гледаш:
овој стол е
безнадежен,
студен.
На него—смртта лежи.
Ти зошто си бледа?
Погледот твој зошто е
чуден?
Што ти тежи?

Та зар безнадежно уште
син ти пред врата да чека?
И зар безнадежно горел
жарот во твоите очи?

. . . . .

Попусто. . . попусто. . . Сега
земјата нека е лека.
Со смртта во смртнава соба
и ти си дочекала почин.

. . . . .

Соседке,
ти не си мртва.
Тоа очите лажат.
Тоа срцето мое
силата своја ја мери.

Ти избриши ја крвта!
Сметни го погледот тажен...
Дома вечно те чека
мажот насмеана, ведра.

Соседке,
пред влезот—дете
расплакано,
безнадежно
стои.
Тоа со трепети чека
да шкрипне некоја врата...
Соседке,
ти си му рекла
прстиња седум да брои
на осмото тука да дојде
со него за да се вратиш.

Ти сама гледаш:
Овој стол е
безнадежен,
студен.
На него смртта лежи.
Ти зошто си бледа?
Погледот твој зошто е
чуден?
Што ти тежи?

. . . . . .

Болничару, време е. Носи
Чаршав и посмртна кола.
Покри ги црниве коси,
Скри ја тешкава бола..,

Ти си веќе мртва...
Нешто ти станало...

Што дека ја избришав крвта?
И што дека ја покрив раната?
Раната...

# ЧОВЕК

Минута
крик
меѓу две паралели.

Кама забиена во сопствено месо.

Тревога
белило
и крв.

Поштар
од себе
до рацете бели.

Тесна врата меѓу љубовта и бесот.

И една **сопственост:**
не сум ни последен
не сум ни прв. . .

## УБИЕЦ

Со еден
што никојпат не сум го видел
сме се сретнале синошти на улица.

Усните не грепнале
рацете не сториле здраво
и глупо в очи сме се погледнале.

Еден
што никојпат не сум го видел
ми рекоа дека бил убиец:

Стрелал на себе си
и пак си простил!
На крајот сме се разделиле.

# ТОЈ

Каде да погледнам?
Каде е тој
познатиот што не сум го видел?

Ќе дојде ли?
Ќе пее ли
Тој,
за кој плачеш и прашаш?

— Не! Анцар понесе
и волча злоба
спокоен за да биде

животот в зори
му дал да пие
црвена горчлива чаша!

## ЦИГАНКА

Гороцвет
цвеќенце
од груби раце откинато.

Црвена песна
На црни усни разлеана!

Далечините
ќе бараат трага
од таа тага одмината

и почин
во црните очи
со трепети туѓи полеана.

# САМОСТА

Предсмртноста
со солзи го опцу
чудниот спокој на бурата.

Височините
со крв ги извалка
нејзиното рането око.

Заплака самоста.
Заплака таа
и зави диво
по својот мртовец-спокој.

Предсмртноста
на своите крила
ја понесе ветерот негде.

Зар ќе се врати?
Кој да ја стигне
и закопа високо, горе?

Кој да ја збере
крвта разлеана
од нејното рането око?

Заплака самоста
и зави диво
по својот мртовец-спокој.

## ОЧИТЕ

Очите се погледнаа в очи:
Љубовта—со својата злоба.
Зорите умреа.
Негде
ги закопа залезот-гробар.

Две злобни очи да имам
и леки галебови крила
кај да се—ќе ги пронајдам, убијам
злобните залезни очи
што ноќта негде ги скрила.

Некој се расплака.
Друг пак
негде се насмевна грубо.
Зорите умреа. Потем
ги закопа залезот убав.

# НИЗ ПРОЗОРЕЦ

Во детските дланки
останаа
две птичји перца
и
крвои. . .
— Без песна лисните гранки,
ширното небе
и
врвои.

Птичето предсмртно фркна
и капнаа на подот
сетните
црвени
капки. . .
Птичето предсмртно крикна
што сопствен остава дел!

Следеа само
две смртни стапки
и денот налик
— на смртен акварел.

## ИСКРА

Сношти, некој
патник чукал.
Јас мирно сум
спиел.
Под стреата
песот вртел,
диво лаел,
виел.

Никој врата
не отворал.
А патникот
носел —
во една рака
искра—љубов,
во другата
злоба просел.

Таа искра
со нож некој
в срце му ја ранил.
Пиштел. Злоба
в светот барал
неа да ја брани.

Место злоба
љубов нашол.
— Ноќта му се
скрила.
На патникот
волча злоба
љубовта му
била.

Сношти некој
в себе скршен
далеку се
барал. . .
И се нашол.
В зори каде
со ноќта се
кара.

И се нашол.
Место злоба
— љубов в себе
криел.
Пес во дворот
диво лаел,
неспокојно
виел.

## БУРА

Избезумено завива морето!
Поразно крикнува птицата
и погибел
далгите влечат по бреговите!

Да станеме,
да ѝ го отстапиме
брегов—на бурата,
ноќва—на зорите!

## ЏЕКИ

Прикквечерината
како изгубен патник
збунето лута по сокаците.

Џеки не залаја!
Кој знае каде ли лежи...

Модрината одминува,
молкум се пробива
низ облаците

и сѐ уште,
сѐ уште снежи...

Прикквечерината збунето
некого бара по сокаците.

Може е стапнат?
Улицата тајните ги знае.

Да, може затоа
модрината ги кине облаците
и пишти ветерот?

. . . . .

В прикквечерина
Џеки секогаш лае.

## ЗАБОРАВИВ

Заборавив зошто се заборавив во себе!

Ѕидот одкрадна
дел од моето тело.

Возот тргна
и пак понесе
едно неречено збогум.

Очите
се заборавија во нечии очи
што ги снема.

Рацете стискаа
траги од раце
во цепот.

Заборавив зошто се заборавив во себе

# МОМЕНТ

На масата
некој заборавил
кутија ноќ
и две очи
во црвени кругои сокриени.

Ѝ рекол здраво
на мојата отсутност
и здраво
на чашите
недопиени.

На масата
некој заборавил
две раце во коси разбарушени:
— ја оставил место себе
кутијата цигари
— недопушени.

# РЕКВИЕМ

Не чекај
Земи го со себе мирот од одаава.
и замини!

Наполнија колата
со ридови молчење
— и тргај!

Мини низ сите улици
и собери ги
свенатите цвеќиња на разделувањата!!

Нека црвенеат
дојките и очите
од немири!

Нека прскаат
притискајќи ја самоста
зидовите!

За сигурност
купи од аптека
лек за болката, доста.
Нож
— и боди во сите поднебија.!

Не чекај!
Боди во отворената уста
на тишината
и оди погребија!

## ВИОЛИНА

Четири воздиви,
четири ребра од туѓо тело
на масата лежат заборавени.

Каде сте?
Каде?

Илјади бои
раѓа
невиднава отсутност
и есен срца
од срце.

Вечерва
вечери врнат.

Очите се слепи.

Вечерва ги пие боите
и со плач ги лепи

по заборавот.

Ех, минитe,
миниte со ножот по ребрата
и распарчите ја есента!
Нека ја снема
од срцата!
Минитe!

# НЕКОЈ

Ги затворил прозорците по куќите ширум отворени.
Се провирал грубо низ палтата и гранките голи.
Им донесол немир на нечии очи заморени.
Со солзи покривите и главите наши ги полил.

Многу патници минале ноќта по небето. . .
Рамнодушно молкнале и првнале далеку птиците.
Останал некој скриен во градите на луѓето.
Останал некој да ја чува самоста на улиците.

Останале сами ноќта и самоста да скитаат.
Некој сенката своја ја гонел по улиците.
Со туѓа рака напишал по прозорците да читаат
„Сега сум ваш. Заминаа далеку птиците.“

Ги затворил прозорците по куќите ширум отворени.
Се провирал грубо низ палтата и гранките голи.
Се гонел лудо со своите очи заморени
и не се стигнал.
Во зорите
со нечии солзи нé полил.

## ПОЛЕКА

Полека, полека леано злато!
Слегни над ширниов друм!
Мене ме бескрајни повеле патои.
Полека. Твој другар сум.

Погледај! Никого! Двата сме сами.
Земи ме со тебе, де!
Просторот ширен вечно ги мами
моите очи две.

Горе ќе дојдам нечујно, тихо.
Ќе ѕирнам ширум за час,
зора штом угрее низа од стихои
в срце ќе понесам јас.

. . . . . . . . . . . . .

Забрзан месец по небе мине...
Ветрови играат вон.
Забрзан месец простори кине
Другар ме смета и он.

. . . . . . . . . . . . .

И ако утре простор ме мачи
Ќе седнам мирен и тих.
Ќе речам—вчера горе се качив.
Небето не е за стих!

# ЖИВОТ

Сум сменил некого.
Дур да ме сменат
ќе ме влече твојата кола
по патиштата
со бури завеани.

А сакам.
Понекојпат сакам
да бидам колар
и да те опијам
со црвилото
на далечините наши
распеани.

Денес,
твојата кола,
ја влече една
— сенка без бол и ребра....
Ние сме твои студенти само
а ти—професор без катедра!

# ЖЕЛБА

Ветрот да ја разнесе
крвта на смртта низ облаците!
Посмртна кола
под стреата да зашкрипи грубо!
Ранетиот немоќно
за сетно
да ги подигне рацете
просејќи од себе
злоба наместо љубов!

И попусто очите
да бараат тага насекаде!
Животот да ја потера колата,
рамнодушно да одмавне со рацете!
Некој да се гуши
во злобата сопствена некаде!
Ветрот да ја разнесе
крвта на смртта низ облаците!

## РАЗДЕНУВАЊЕ

Бегаше далеку негде
оставајќи зад себе
црвени траги
— парчиња крв и месо.

Зелен облак
горчливо се ширеше
и го распарчуваше
црвениот насмев на раната.

Зелено... Зелено... и сиво!

Ќе ја закопаат!
Задоволно со очи ќе одмавне
на злобата песот ненаситен.
Задоволно со очи ќе одмавне
на злобата враната гладна...

Зелено... Зелено... и сиво!

Не ја закопувајте!
Ни неа ни нејната сенка!
Животот ќе исписка диво:

Црвено! Црвено! Без зелено и сиво!

## СИВОСТ

Лае далечината
и каса грубо
скриеното куче на зимата.

Горе, горе
на нечии плеќи,
крварат илјади рани...

Може е самоубиец
та се плаши од себе
и витка во сивината
далечината?

Или пак
самоста стрелала
барајќи за себе
другар во смртта
на месечината?

Лае далечината
и вие грубо
дивото куче на зимата.

* * *

Од злоба ноќва ги скрила
сите останати ноќи.
Ги украла ѕвездите нивни
и спокојот небесен чуден.
— За да поспокојна биде
од сите momински очи,
за да поспокојна биде
од спокојот вечерен, студен.

Од злоба ноќва ги скрила
сите спомени наши.
И нигде од љубовта моја
неќе да остави трага.
Од злоба ноќва ги пие
скришум полните чаши
на сиот momински шепот
и секоја насмевка блага.

Мракот од сите ноќи
ноќва на себе го носи.
За да поубава биде
од себе в црната руба,
За да поцрна биде
од црните momински коси
Па место момето мое
неа јас да ја љубам!

Попусто! Силно ги љубам
само зорите бели.
Никога ноќите нема
да бидат полични од нив.
Па, може затоа сега
срцето собрало стрели
за да ноќите свои
до зори сегде ги гони!

# КРАЈ ПАТОТ

Молкум,
еве ја, стигнува прикквечерината.

Долу, крај патот,
круша сушее
и зеленило околу дише.

Како тага врз гранките
седнува прикквечерината изморено
за да ја лула ветерот
и да ја разнесе
крај камењето бело и зеленилото.

Долу, крај патот,
круша сушее
и зеленило околу дише:

— Тревата е витка снага моминска,
тиха песна крај дрвото изгорено!
Рашири ги дланките,
прегрни ги гранките
— зашто гранка ќе бидеш!

Молкум,
еве ја стигнува прикквечерината.

## НАСЛУТУВАЊА

Ќе наминеш ти
со твоите зелени очи
— подлабоки од езерото на надевањата,
— позелени од зеленилото пролетно!

Молкум ќе погледнеш горе
и тихо како наслутувањето
ќе одминеш. . .

И да се колнам
— по безднатa на нашите надевања
ќе тапка заборавот
и рамнодушноста
на ова зеленило пролетно:

Јас ќе те барам
— во сѐ што е зелено
ќе те најдам
— во сѐ што е длабоко,

# ЕЗЕРО

На брегот твој сите свои грижи и сонувања ги
оставивме.
Побаравме спокој во твојата рамнодушност сина,
тргнавме далеку и никојпат не те заборавивме
зашто нашите патишта — над твоите бранови минат.

И како суво лисје над твојата синина густа
желбите наши далеку ќе не понесат.
Ќе останат зад нас бреговите усамени, пусти
и песната на оставеното што далгите ќе ни ја
донесат.

На брегот твој сите свои сонувања и грижи ги
оставивме.
Побаравме спокој во твојата рамнодушност сина,
стигнавме далеку — но никојпат не те заборавивме
зашто нашите патишта — над твоите бранови минат.

## ИГРА

Заигруваат сомневањата,
скокаат...

Ѕидиштата се помрднуваат лево,
белина од заби ја исполнува собата
а усаменоста сеуште ја пее
топлата песна на чекањето.

Потем почнува да врне,
ситни капки удираат по челото
и рацете место за раце
се фаќаат за срцето
врз црвенилото негово да заиграат.

На црвениот огон
згорува таа
чудесна песна на чекањето:

Започнува смислата,
високи тополи стануваат рацете
па ја прегрнуваат
тешката игра на сомневањата.

# РЕКА

Далгата удри на брегот
и умре.

За час рибите
на својот грб го ставија нејзиното тело
и го понесоа во длабините.

Меѓутоа,
неми за да кажат нешто,
тие меѓусебно само ги извија своите тела
и нарисуваа нешто.

Потоа,
неколку далги ја побараа на брегот
распарчената смрт на својата другарка,
се сврти за миг и реката
но пак побрза
зошто подолу ја чекаа други очи.

# ВЕТЕР

Јас не знам какво задоволство ти причинува
плачот на морето
и катарките превртени во синината.?

Дали тоа во бурата морска
го бараш спокојот
приквечерините што ти го украле

или пак сакаш скришум од рибите,
во длабините,
небото да го закопаш?

Јас не знам какво задоволство ти причинува
на птиците да им го крадеш небото
на луѓето погледот: високо.

## ДОЖД

Тревата на две
го прекрши својот ’рбет
надевајќи се дека ќе ја испие
и последната капка
од твојата височина.

Дрвјата ја распараа и најтенката вена
од телото на твојата приспивност
верувајќи дека ќе сознаат
зошто те гони ветерот.

Само луѓето ги затворија
своите прозорци
кога те видоа:

— Солзите ги викаат доста.

## ОБЛАК

Што си застанал среде синината?
Им пречиш на децата да ги бројат ѕвездите

Ти си усамен и никогаш не ќе можеш
да го спречиш жолтеењето на тревата...

Остави нè нас,
ние да ја сожалуваме смртта на зеленилото

а ти побрзај
зашто децата навечер
ги спречуваш да ги бројат ѕвездите.

## ДРВО

Многу пати сум го прекорувал ветерот
што му ја краде тишината негова
многу пати сум ги молел очиве:
да не му ги кршат гранките исушени

зашто меѓу двата брега на чекањето
најдобро е да се гледа во дрвото:

Од едниот брег започнува
зелената далга надевање
на другиот брег свршува
немоќното тело нејзино.

Ноќва како тага стои
збрчканото тело на дрвото.

Не крадите му ја тишината!
Тоа усамено на ридот се мачи да го чуе
на своите лисја шумот некогашен.

## КАМЕН

Снегулките не би требело
да го сметаат за срам
и да го покриваат.

Тревата не би била така спокојна
ако не е тој крај неа
да танцува со својата цврстина
среде зеленилото.

Уште никој никому не префрлил за тоа
ако се вљубил
во рамнодушноста на каменот

и ако се пошегувал
да ги разбие и да ги извади од него
сите атоми на неговата способност
да апсорбира.

Тајната за сите свои
насамо изречени сонувања
наложува да му се пружи рака

зашто така
уште подостоинствено ќе затанцува
со својата цврстина
среде зеленилото.

# ЅИД

Позаспале сите цвеќенца на тебе...

Колку заморно дишат листенцата...

Она жолтото, во кошот,
зеленило сипе врз очиве
и ме успива...

Да задишеме заедно со нив,
да заспиеме,

или да се престорам и јас во ѕид
па да ја притиснеме заедно
оваа немост полноќна
може ќе се разбудат?

Позаспале сите цвеќенца на тебе...

## ПЕПЕРУГА

Ноќе и ѕидиштата се плашат
да не ги направиш прозирни
— зашто така би ја изгубиле својата смисла
да засолнуваат.

Никој не спори
дека цвеќињата постојат
за да сонуваш на нив

и дека детските раце
се чувствуваат најсигурни
кога ја гледаат својата кожа
под твоите крилца.

Меѓутоа, прозирноста се смета за минус
и луѓето се плашат да те гледаат.

Но, ти позволуваат да леташ во воздухот,
зашто и воздухот е прозирен,
зашто во воздухот и птиците имаат крила
па се мисли дека не би могла да ги надлеташ.

## ТАГА

Ноќта секојпат доаѓа
од левата страна, од кај банката
добровечер за да ѝ речат дрворедите.

Зафрлените улички тогај ги пружаат рацете
и ја одведуваат по дворовите
под јаболкниците да заспие.

А кога ќе се наведне небото
со ѕвездите да ја бацува

— таа се сокрива
во плашливо разголените тела на девојките
за да им направи модрици.

И ти доаѓаш, некаде од левата страна
за да го истискаш воздухот
и од најтесната уличка во градите
па спокојно одминуваш!

## ПИСМО

Ќе бидам рамнодушен само тогај
кога ампутирањето на твоите раце
не ќе зависи од мене.

Инаку би сакал само тука
да има логика комбинацијата
меѓу четирите букви: МОР и А.

Ако требе да се каже зошто
тоа е секако фактот
дека предпладне сами се отвораат вратите
и го земаат твоето писмо
од рацете на моите надевања.

## ЖЕНА

Уште никој не ја открил
смислата на твојата непокорност
за неколкуте примамливи линии.

Како магла над реката животна
лази твојата присутност
па сонуваме дека ти си сенката
на нашето на две разделено суштествување.

. . . . . . . .

Зар не е доволно да се биде усамен
кога веќе се знае
безсмислата на секое разделување?

Но, се верува
дека уште никој не ја открил
смислата на твојата непокорност
за неколкуте молчеливи линии.

# НОЖ

Не знам како да се оправда твојата решителност
да се наложуваш
и дали е најфаталното во тоа
што и ти се сметаш
за посилен од рацете што те создале. . .

Меѓутоа,
никој не може да го порекне твоето присуство
а мојот дедо уште велеше
дека во празната куќа
на голите ѕидови
им прилега само нож.

## САAT

Во пет и триесет
зората ги измива прозорците
и ти вели да отчукаш еднаш.

Потем, заедно со тебе
таа тргнува на десно
и зад агалот кај што пишува седумнаесет
те напушта.

Меѓутоа денеска,
на оној завиок кај што отчукуваш три пати
заедно со тебе
во еден удар три пати отчука и срцето на соседот
и ги замоли своите дечиња
бездруго да ја слушаат мајка им.

Од кај агалот кај што пишува три
за сетно ти мавташе соседот.

# СОДРЖИНА

| | Стр. |
|---|---|
| Минута | 5 |
| Разговор | 6 |
| Предпразнична | 7 |
| Песната | 8 |
| Понекогаш | 10 |
| Троп... троп | 12 |
| Тргнување | 13 |
| Патник | 14 |
| Се сретнавме | 16 |
| Сеќавање | 17 |
| Спомен | 19 |
| Ќе си developeme | 20 |
| Довикување | 21 |
| Рибарска | 22 |
| Кога зајдува сонцето | 23 |
| На залез | 24 |
| Марија | 25 |
| Тихо, тихо | 27 |
| Раѓање | 28 |
| Свадба | 29 |
| Кола | 30 |
| Свидетели | 31 |
| Симфонија | 32 |
| Денеска молкум | 33 |
| Замина | 34 |
| * * * | 35 |
| Со смртта | 36 |
| Во обдукционна сала | 38 |
| Човек | 41 |
| Убиец | 42 |
| Тој | 43 |
| Циганка | 44 |

Стр.

Самоста . . . . . . . . . . . . . . . . . 45
Очите . . . . . . . . . . . . . . . . . 46
Низ прозорец . . . . . . . . . . . . . . . . 47
Искра . . . . . . . . . . . . . . . . . 48
Бура . . . . . . . . . . . . . . . . . 50
Цеки . . . . . . . . . . . . . . . . . 51
Заборавив . . . . . . . . . . . . . . . . 52
Момент . . . . . . . . . . . . . . . . 53
Реквием . . . . . . . . . . . . . . . . 54
Виолина . . . . . . . . . . . . . . . . 55
Некој . . . . . . . . . . . . . . . . . 56
Полека . . . . . . . . . . . . . . . . 57
Живот . . . . . . . . . . . . . . . . 58
Желба . . . . . . . . . . . . . . . . 59
Разденување . . . . . . . . . . . . . . . 60
Сивост . . . . . . . . . . . . . . . . 61
* * * . . . . . . . . . . . . . . . . 62
Крај патот . . . . . . . . . . . . . . . 64
Наслутувања . . . . . . . . . . . . . . . 65
Езеро . . . . . . . . . . . . . . . . 66
Игра . . . . . . . . . . . . . . . . . 67
Река . . . . . . . . . . . . . . . . . 68
Ветер . . . . . . . . . . . . . . . . 69
Дожд . . . . . . . . . . . . . . . . 70
Облак . . . . . . . . . . . . . . . . 71
Дрво . . . . . . . . . . . . . . . . 72
Камен . . . . . . . . . . . . . . . . 73
Ѕид . . . . . . . . . . . . . . . . . 74
Пеперуга . . . . . . . . . . . . . . . 75
Тага . . . . . . . . . . . . . . . . . 76
Писмо . . . . . . . . . . . . . . . . 77
Жена . . . . . . . . . . . . . . . . 78
Нож . . . . . . . . . . . . . . . . . 79
Саат . . . . . . . . . . . . . . . . . 80

Анте Поповски

ОДБЛЕСОЦИ

коректор
Драга Стефанова

тех. уредник
Кочо Пендовски

Издавач: Книгоиздателство за уметничка литература „Кочо Рацин“ Скопје.

Книгава е отпечатена во печатницата „Просвета“ — Куманово во тираж 1000 примероци през месец декември 1955 год.